**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ**

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202- 20/1
23.06. 2023 год.
Скопје

# УСЛОВИ
# ЗА КОМБИНИРАНО ОСИГУРУВАЊЕ
# МОТОРНИ ВОЗИЛА

**Скопје, јуни 2023 год**

Усвоени со одлука на Управен одбор број 0202- 21/1 од 23.06.2023 година, и ќе се применуваат од 01.07.2023 година

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

Овие услови во зависност од содржината на договорот за осигурување, се применуваат на:

1) Каско осигурување на моторни и шински возила
2) осигурување од кршење и
3) осигурување багаж, патни колекции на примероци на стока и други предмети во моторни возила.

Одделните изрази употребени во овие Услови ги имаат следните значења:

1) **„осигурител"** – ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ;
2) **„договарач на осигурување"** – лице што со осигурителот склучило договор за осигурување;
3) **„осигуреник"** – лице чиј предмет, односно имотен интерес е осигурен и на кое му припаѓаат правата од осигурување;
4) **„премија" -** износ што се плаќа по договорот за осигурување;
5) **„сума на осигурување"**– износ на кој возилото, предметот, односно имотниот интерес е осигурен;
6) **„вредност на возилото"** - набавна цена на ново возило, која служи за пресметка на премија, односно стварна вредност при решавање штета;
7) **„осигурен случај"** – настан што може да доведе до остварување на оштетно побарување;
8) **„полиса"** – исправа за договор за осигурување.
9) **„голема материјална штета "**е штета настаната на објекти и на возила на кои им се оштетени виталните делови за управување и запирање,а возилата не можат самостојно да се движат по патот.
10) **мала материјална штета "е** штета настаната на објекти и на возила на кои не им се оштетени виталните делови за управување и запирање,а возилата можат самостојно да се движат по патот.

## I. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1. ПРЕДМЕТ НА КАСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 1

(1) Предмет на осигурување се сите видови моторни, приклучни, работни и шински возила (во понатамошниот текст „возила”) и нивните составни делови.

(2) Како составни делови на возилото се сметаат:

1) алат, прибор и резервни делови стандардно испорачани за соодветниот тип на возилото;
2) радиоапарат што е вграден во возилото од производителот на возилото;
3) уред за обезбедување од кражба, противпожарен апарат во возилото, сигурносен триаголник, сигурносни ремени, тахограф, јаже, односно лост за влечење, прирачна аптека, резервни светилки, додатни надворешни и внатрешни огледала, ламба, мигавец за обележување застанато возило ноќе на патот, халогени светла, магленки, грејач на задно стакло, бришач на задно стакло, потпирачи за глава и синџири за снег;

(3) Ако посебно се договори (посебни видови осигурување), предмет на осигурување може да бидат:

1) алат, дополнителна опрема, приклучни уреди, прибор и резервни делови што не се сметаат како составни делови на возилото;
2) радиоапарат,грамофон,магнетофон, телевизор и радиостаница во возилото и други технички апарати кои не се вградени во возилото од производителот на возилото;
3) рекламни натписи во возилото и на возилото;

(4) Со осигурување не се опфатени штети што ќе настанат на делот на возилото додека тој просторно е одделен од возилото.

## 2. ОБЕМ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 2

Осигурувањето може да биде склучено како:

1) **„потполно каско осигурување”** од ризиците опфатени со член 3 од овие услови;
2) **„потполно каско осигурување”:** со вклучување во осигурување на ризикот од кршење опфатени во поглавјето Б од овие Услови;
3) **„делумно каско осигурување”** од ризиците опфатени со член 4 од овие Услови;
4) **„дополнителни видови осигурување”** од ризиците на член 5 од овие

Услови;

5) **посебни видови каско осигурување.**

## 3. ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ ( РИЗИЦИ)

### 1) Потполно каско осигурување

Член 3

(1) Потполно каско осигурување ги покрива штетите кога осигурениот предмет е уништен, оштетен или ако исчезне, како последица на неочекувани и од волјата на договарачот на осигурувањето, осигуреникот или возачот, независни настани, и тоа:

1) сообраќајна незгода, како на пример: превртување, судир, удар, лизгање. урнување и слично;
2) паѓање или удар од некој предмет, освен кај работните машини, доколку за нив е платена премија за осигурување од кршење;
3) пожар, при што осигурителот нема обврска да надомести штета на електрична инсталација, која настанала со прегорување, освен ако се развил пожар.
4) ненадејно надворешно термичко или хемиско дејство;
5) удар од гром;
6) експлозија, освен експлозија од нуклеарна енергија;
7) луња; при што под луња се смета ветар со брзина од 17,2 м/сек, односно 62 км на час (јачина од 8 степени по Бофоровата скала) или повеќе;
8) град;
9) снежна лавина, вклучувајќи и штети предизвикани од дејство на воздушниот притисок од снежни лавини;
10) паѓање на воздушни летала;
11) манифестации и демонстрации;
12) кражба како противправно одземање на возилото, провална кражба, разбојничка кражба, разбојништво;

    Во случаите од претходната алинеја на оваа точка се смета дека возилото исчезнало ако не се пронајде во рок од 60 дена, сметано од денот на поднесена писмена пријава за исчезнување до надлежниот орган за внатрешни работи.

Кај патничките моторни возила и мотоцикли штетите настанати од ризикот на кражба како противправно одземање на возилото, провална кражба, разбојничка кражба, разбојништво, се надоместуваат само ако осигуреникот има платено соодветна доплатна премија.

Штетите настанати поради кражба на делови на возило, алат, прибор, резервни делови и други делови (предвидени со овие Услови) се опфатени со осигурување само ако деловите, алатот или приборот, во моментот на извршувањето на кражбата биле прицврстени на возилото или ако се наоѓале во заклучено возило.

13) злонамерни постапки или гнев од трети лица потврдени со кривична пресуда;
14) оштетување на тапацирот во осигуреното возило предизвикано при давање помош на лица што се повредени во сообраќајна несреќа или на некој друг начин:
15) предизвикување штета на осигурениот предмет, со цел да се спречи поголема штета на тој или друг предмет или на лица;
16) поплава, порои и високи води:

Штетите настанати од ризикот поплава, порои и високи води, се надоместуваат само ако осигуреникот има платено соодветна доплатна премија.

- под **поплава** се смета стихијно, неочекувано поплавување на теренот од постојани води (реки, езера, море и др.) поради тоа што водата се излила од коритото или пробила одбранбен насип или брана, изливање на вода поради вонредно висока плима и бранови на море и езера со необична јачина и од надоаѓање вода од вештачки езера.

Под поплава се смета и неочекувано поплавување на теренот поради нагло формирање големи количества водена маса, која настанала како последица на атмосферски паѓања.

- под **порој** се смета стихијно неочекувано поплавување на теренот со водена маса, која се формира на надолнини поради силни атмосферски појави и се слива по улици и патишта.

- под **висока вода** се смета:

а) исклучителна појава на невообичаен пораст на водостојот во неочекувано време;

б) подземна вода како последица на високи води.

Обврската на осигурителот за штети од високи и подземни води како нивни последици започнува со порастот на високите води над однапред утврдени месечни коти на водостој, или протек на измерен и според покажувачот на водостојот, на најблиското место на штетата.

Со осигурување не се опфатени:

- штети од поплави предизвикани со излевање од канализациска мрежа, освен ако до излевање дошло поради поплави или порои;
- штети на возила додека се наоѓаат на простор меѓу поток, односно река и насип, освен ако тоа посебно не се договори;
- штети на возила додека се наоѓаат во живо или суво корито на поток или река, освен ако тоа посебно не се договори.

Осигурителот нема обврска да надомести штета што настанала со движење на возилото низ поплавено подрачје, речно корито или поток кога на возачот му било познато дека се движи во пресрет на стихијно дејство на вода, освен кога станува збор за спасување лица и имоти.

17) Покривање на трошоците за влечење на моторно возило до најблиската сервизна работилница која е во можност да изврши нужна или целосна поправка на возилото.

18) Осигуреникот кој се занимава со изнајмување или закуп на возила ,рента кар возила, има права од осигурување доколку осигурениот случај го предизвикал возач (кој го изнајмил односно зел под закуп возилото) без возачка дозвола, под дејство на алкохол или друга дрога. Во вакви случаи друштвото има право на регрес за настанатата штета од возачот на моторното возило.

(2) Ако посебно се договорил, со осигурување се покрива и опасност од потопување возила. Како потопување се смета ненадејно и неочекувано пропаѓање на возилата при работа во касети, или за време на работа на мочуриштен, тињовит, насипан и сличен терен.

## 2) Делумно каско осигурување

Член 4

(1) Делумно каско осигурување, „каде било да се наоѓа возилото” може да се договори по избор, така што со осигурувањето да бидат опфатени ризиците, односно трошоците, и тоа:

1) пожар, удар од гром, експлозија, луња, град, снежна лавина, паѓање на воздушни летала, манифестации и демонстрации, кражба, противправно одземање на возилото, провална кражба, разбојничка кражба, разбојништво (комбинација А);

2) пожар, удар од гром, експлозија, луња, град, снежна лавина, паѓање на воздушни летала, манифестации и демонстрации ( комбинација Б);

3) кражба, противправно одземање на возилото и разбојништво (комбинација В).

   Со осигурувањето од претходната алинеја од оваа точка се опфатени и ризиците сообраќајна незгода и погонска штета, кои би настанале по остварување на ризикот кражба, провална кражба, разбојништво.

4) кршење и оштетување стакла на патнички автомобили, освен покривни стакла, стакла на светлата и огледалата (комбинација Г);

5) кршење и оштетување стакла кај товарни возила и автобуси, освен покривни стакла, стакла на светлата и огледалата (комбинација Д);

6) трошоци за влечење, односно превоз на патнички автомобили од местото на живеење, односно седиштето на осигуреникот ако возилото не е во возна состојба поради сообраќајна незгода или дефект, како и трошоци за превоз на возачот и патниците што се возеле со соодветното патничко возило, со превозно средство до местото на живеење, а најмногу според бројот на регистрираните места.

(2) Кај осигурување стакла од точка 4) од овој став, опфатени се штети настанати од ризици предвидени во членот 3 од овие Услови, како и кршење на стаклото настанато како погонска штета.

(3) Делумно каско осигурување на возила – „само за време на мирување” – може да се договори со осигурување да бидат опфатени ризиците и тоа: од пожар, удар од гром, експлозија, луња, град, снежни лавини, паѓање на воздушни летала, манифестации и демонстрации, кражба, провална кражба, разбојничка

кражба, разбојништво и измама.

Осигурувањето важи само додека осигуреното возило се наоѓа на местото кое во полисата е означено со поблиска адреса како место на осигурување, со тоа што возилото треба да е сместено во заклучена гаража, освен ако станува збор за возила наменети за продажба, сместени на отворен простор што е заграден и постојано чуван, како и возила на правни лица сместени во дворното место на осигуреникот.

Со осигурувањето се опфатени и ризиците сообраќајна незгода и погонска штета, кои би настанале по остварување на ризикот кражба, провална кражба, разбојништво.

(4) Со осигурувањето се надоместуваат и соодветните трошоци предвидени со овие Услови.

(5) Во врска со ризикот кражба, со осигурување се опфатени и оштетувања предизвикани на возило со насилно отворање заради кражба, како и оштетувања предизвикани на возило со неовластено ставање во погон (оштетувања: врата, брава на врата, волан, електрична инсталација и други склопови поврзани со ставање на возилото во погон).

## 3) Дополнителни видови осигурување

Член 5

(1) Ако посебно се договори, со осигурување од ризиците од член 3 од овие Услови е опфатено и:

1) алат, дополнителна опрема, приклучни уреди, прибор и резервни делови што се наведени во член 1 точка 3 од овие Услови, како и разни украсни делови и уреди наменети за возилото, кои се дополнително вградени, прицврстени, односно ставени во возилото;
2) радиоапарат што не е вграден од производителот на возила, грамофон, магнетофон, телевизори, радиостаница, конструктивно предвидени за употреба во возилото и надвор од него, со тоа што ако нема траги на обивање на вратата од возилото, со осигурување не е покриен ризикот од каско од член 3 точка 12 од овие Услови;
3) рекламни натписи во возило и на возило.

(2) Составни делови на радиоапарат, радиостаница и телевизор се сметаат антената и звучниците.

(3) Кај осигурувањето од точка 1 од овој член, се склучуваат на договорена сума на осигурување, сумата на осигурување треба да биде еднаква со вредноста на осигурените предмети.

## ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРИТЕЛОТ

### Член 6

(1) Осигурителот нема обврска да ги надомести штетите што не се предизвикани од ризиците од членот 3 и 4 од овие Услови, како ни штетите и трошоците што настанале:

1) поради дефект за време на движење на возилото (таканаречени погонски штети), како, на пример, поради: грешка во материјалот, истрошеност на материјалот, лошо ракување, оштетување федери и амортизери, продупчување, пресекување или прснување на надворешна или внатрешна гума, оштетување тркало поради возење со празни гуми, недоволно подмачкување, недостаток на вода во ладилникот, оштетување на електричната инсталација, оптоварување преку дозволена носивост и други погонски штети.

   Осигурителот, меѓутоа, е во обврска да надомести штета од сообраќајна незгода, пожар и експлозија, која би настанале непосредно како последица на погонската штета.

   Осигурителот е во обврска да ја надомести штетата предизвикана поради дефект кога возилото е во движење (погонска штета) при остварување на ризиците кражба како противправно одземање на возилото, провална кражба, разбојничка кражба, разбојништво.

2) поради смрзнување на течност во ладилникот или блокот на моторот;

3) на мотор или други склопови на возилото, како последица на губење масло или течност од ладилникот во текот на продолжувањето на возењето, а после оштетување на возилото;

4) со губење погонски материјал поради остварен осигурен случај;

5) со губење масло во моторот, диференцијалот и менувачот и течност за ладење;

6) од товарот што се превезува со возило, освен во случај на сообраќајна незгода;

7) од товар при натовар и истовар, ако не е платена посебна премија освен при натовар и истовар со дигалка, ако притоа се откине јажето или дојде до

кршење на дигалката, односно уредот за натовар и истовар и ако од паѓањето на товарот, возилото биде оштетено.

Ако при натовар или истовар на возилото со самоистоварувачки сандак (кипер возила), дојде до превртување на целото возило, се надоместува само штета настаната како последица на превртување;

8) поради тоа што возилото е ставено во погон пред конечната поправка, освен ако станува збор за штета настаната по привремената поправка што треба да овозможи движење или влечење на возилото до работилницата, која треба да изврши друга привремена или конечна поправка;
9) поради техничка неисправност на возилото, со исклучок ако техничката неисправност настанала ненадејно во текот на возењето и предизвикала остварување ризик од член 3 на овие Услови, оптоварување преку дозволената носивост, истрошеност на гуми преку пропишана граница, како и други случаи во кои штетата настанала како исклучива последица на непридржување или повреда на одредбите за заштитни мерки;
10) за време на превезувањето со друго возило на суво, внатрешни води и море, освен превезување на скеле или траект на пловење покрај брег, доколку поинаку не се договори;
11) посредно со остварување на осигурениот случај како: загуба на заработувачка, денгуба, казна, трошоци за користење изнајмено возило, плаќање по основ на одговорност, освен за чување возила на најнужно потребно време на место на незгодата или на друго најблиско погодно место, ако не станува збор за место на престој односно седиште на осигуреникот;
12) поради намалување на вредноста на возилото по поправка што е извршена во врска со остварениот осигурен случај;
13) поради остварување на ризикот кражба ако извршителот е брачен другар, сродник по крв во права линија, брат или сестра, усвоител или усвоеник на договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот, или лице што со договарачот на осигурување или осигуреникот живее во заедничко домаќинство, а не се работи за лице за чии постапки осигуреникот одговара по која било основа;

14) за време додека возилото е мобилизирано или реквирирано од страна на воени или цивилни органи во мирновременски услови од моментот на стигнување на првото одредено место, до моментот на преземање на возилото, освен ако не е поинаку договорено:

15) 1. Војна, инвазија, дејства на странски непријатели, пријателски или воени операции (без оглед дали е објавена војна или не, граѓанска војна, побуна, револуција, востание, граѓански немири имајќи го предвид учеството во или големината на востанието, воена или узурпаторска сила), или

а) биолошка или хемиска контаминација;

б) проектили, бомби, гранати, експлозивни средства;

в) поради секое дејство на тероризам.

За примена на овој додаток дејство на тероризам значи дејство, вклучувајќи но не и ограничување употреба на сила или насилство и/или закана со нив на лица или група на лица без оглед дали дејствуваат сами или во корист на или во врска со која било организација или (и) влада (и) обврзани со политички, религиозни, идеолошки или етички цели и причини вклучувајќи и намера да се влијае врз влада или (и) да се изложи јавноста или дел од јавноста под страв.

За примена на а) контаминација - значи контаминација, труење или превентива или (и) ограничување на употреба на објект заради влијание на хемиски или биолошки материи.

Овој доплаток исклучува и загуба, штета, цена или трошок од секаков вид директно или индиректно настанат од последица од или во врска со дејство преземено со контрола, превенција, задушување или на кој било начин се однесува на (1) и/или (2) погоре.

Ако преземачите на осигурување потврдат дека поради овој исклучок, штета, загуба, цена или трошок не се покриени со ова осигурување, товарот на докажување на спротивното паѓа на осигуреникот.

(2) Доколку поинаку не се договори, осигурителот нема обврска да надомести:

1) штети причинети при учество на возилото во натпревари заради постигнување најголема или просечна брзина, рели-натпревари или возење за оцена вклучувајќи го и службениот тренинг за тоа;

2) штети што настанале надвор од територијата на Европа, ако поинаку не е договорено.

## 4. ГУБЕЊЕ НА ПРАВАТА ОД ОСИГУРУВАЊЕ

Член 7

(1) Осигуреникот ги губи правата од осигурување ако штетата е настаната:

1) за време додека со возилото управува лице без соодветна дозвола за управување на тој вид возило, освен за време на обука за стекнување возачка дозвола што се изведува во согласност со прописите. Ќе се смета дека возачот го управува возилото без возачка дозвола и кога со возилото управува за време додека му е изречена забрана за управување на тој вид возило од овластен државен орган.

2) за време додека со возилото управува лице под дејство на алкохол, дрога или други наркотици. Во смисла на овие услови се смета дека:

- возачот е под дејство на алкохол ако во крвта има повеќе од 10,855 мили мола алкохол во 1 литар крв (повеќе од 0,5% промили алкохол), или без оглед на количеството на алкохол во организмот ако се утврди дека покажува знаци на алкохолна пореметеност;
- ако алкохолниот тест е позитивен, а не се погрижи со анализа точно да се утврди степенот на неговата алкохолизираност, освен во случај кога земањето крв е штетно за неговото здравје (на пр. хемофилија);
- ако по сообраќајната незгода избега или одбие да се подложи на испитување на неговата алкохолизираност, или консумира алкохол и го оневозможи утврдувањето на количината на алкохол во крвта;
- возачот е под дејство на дрога или други наркотици ако со стручен преглед се утврди дека покажува знаци на нарушување поради употреба на дрога или други наркотици, како и ако по сообраќајната незгода избега или одбие да се подложи на испитување неговата дрогираност.

(2) Осигурителот меѓутоа е во обврска да ја надомести штетата ако осигурениот случај не е во заемна причинска врска со управувањето на возилото под дејство на алкохол, дрога или други наркотици или кога со возилото управува

лице за чии постапки осигуреникот одговара по која било основа, освен ако тој (осигуреникот) знаел или можел да знае дека лицето ќе го управува возилото под околностите од став (1) точка 1) и точка 2) од овој член.

(3) Осигуреникот исто така ги губи правата од осигурување ако штетата е причинета намерно, или со измама од страна на договарачот на осигурувањето, осигуреникот или другите соосигурени лица од член 16 од овие Услови, а не се работи за лице за чии постапки осигуреникот одговара по која било основа.

(4) Осигуреникот исто така ги губи правата од осигурување ако:

а) за време на управувањето со возилото користи мобилен телефон, или други уреди на начин што ја намалува можноста за реагирање и сигурно управување со моторното возило.

б) за време на управувањето со возилото во толкава мера е уморен или болен или се наоѓа во таква психичка состојба што е неспособен за сигурно управување со возилото, или е под дејство на лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред или за време на возењето.

в) Возач – почетник, кој поседува возачка дозвола од категориите „А", „Б" и „Ц", односно од поткатегориите „А1" и „Ц1" управува со возило со брзина поголема од 60 километри на час на јавен пат, односно со брзина поголема од 80 километри/час на пат наменет исклучиво за сообраќај на моторни возила, односно со брзина поголема од 100 километри/час на автопат, а со велосипед со мотор повеќе од 40 километри/час, со возилото да влече приклучно возило или врши организиран превоз на деца, во рок од две години од денот на издавање на возачката дозвола.

г) возачот од точка в) кој управува возило во патниот сообраќај во времето од 23.00 часот до 5.00 часот, освен ако со него во возилото се наоѓа лице-возач постаро од 25 години на кое не му е изрекувана прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило.

д) возачот од точка в) кој поседува возачка дозвола од „А" категорија, а управува со возило чија сила на моторот е поголема од 25 киловати.

ѓ) возачот од точка в) кој поседува возачка дозвола од „Б" категорија, а управува со возило чија сила на моторот е поголема од 75 киловати.

е) кога му е запишана прекршочна санкција - забрана за управување со моторно возило, кога му е одземена возачката дозвола, одземена возачката дозвола привремено на самото место, а управува со моторно возило за време на траењето на забраната, односно за времето за кое возачката дозвола му е одземена.

## II. ОСИГУРУВАЊЕ ОД РИЗИКОТ КРШЕЊЕ

### 1.ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 8

(1) Со осигурување од ризикот кршење може да бидат опфатени:

(1) работен уред на товарни возила, автобуси, приколки, контејнери, работни возила и:

(2) влечни возила (трактори), работни возила, приколки и контејнери во целина;

(2) Моторот е составен дел на работниот уред само ако исклучиво служи за движење на работниот уред, а не и за движење-влечење на возилото во насоки. Ако истиот мотор истовремено служи за движење на возилото и за движење на работниот уред на возилото, моторот не се смета за составен дел на работниот уред на возилото.

(3) Шасијата, односно рамката на која се наоѓа работниот уред, како и возачката кабина, каросеријата, трансмисијата и другите делови на возилото што овозможуваат движење (влечење) на возилото во насока, во секој случај не се сметаат за работен уред односно за дел од работниот уред.

(4) Со осигурувањето е опфатено и маслото за полнење на уредите.

(5) Штетите на маслото и полнењата се надоместуваат во процентуална вредност во зависност од векот на траење одреден со важечките прописи.

(6) Со потполно каско осигурување се опфатени и штетите на електрични и дизел-електрични локомотиви што се причинети со непосредно дејство на електрична енергија.

## 2. ПРЕДМЕТИ ШТО СЕ ИСКЛУЧЕНИ ОД ОСИГУРУВАЊЕ

Член 9

Со осигурување не се опфатени, ниту тогаш кога нивната вредност е содржана во вредноста на осигуреното возило:

1) приклучни уреди на трактори и земјоделски машини;
2) работни елементи на земјоделски машини како: ралници, дискови, клинови на брани, ножеви, коси и запци со сечива, прсти, мотики, ножеви со носачи и сл.
3) делови на машини што се изложени на директно термичко влијание како: сигурносни облоги на садови и уреди, решетки на лежиште, пламеници на согорувачи, електроотпорни грејачи и сл; освен мотори со внатрешно согорување;
4) делови на машини изложени на абење и замена, сита, релјефни и други заменливи облоги на валјаци, облоги за гребени, чешли, флексибилни цевки, ремени, четки, обрачи, оплати (од гума, текстил или синтетички материјали), влошки за филтер, филтер платна, средства за термичка изолација и затворање, делови на спојки изложени на брзо трошење (гумени

прстени, гумени влошки, ламели и сл), преносни кабли, со исклучок на оние што автоматски се намотуваат на калеми, клизни и движечки лежаи со внатрешен пречник до 100 мм;

5) материјал за експлоатација, како: гориво, мазиво, средства за разладување, хемикалии, средства за чистење и сл;
6) транспортни ленти, синџири и јажиња;
7) пневматици (гуми) за возила;
8) гасеници на возила гасеничари, доколку поинаку не се договорат:
9) алат што може да се менува како: сврдел, алат и делови на машини што непосредно служат за кршење и ситнење, калапи, матрици, ножеви, примероци и облоги на ваљаци, пили, сита, брусен камен, жигови, (печати).
10) масло за подмачкување;
11) катализатори и
12) средства за затнување и изолација и средства за ладење во уредите за ладење.

## 3. ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

Член 10

(1) Осигурителот е во обврска да исплати надоместок на штета причинета со уништување или обесштетување на осигурениот предмет поради незгода во погон, под која се подразбира настан што настанал непредвидено и ненадејно во врска со употребата на осигурениот предмет, и тоа поради:

(1) Грешки во конструкција, материјал и изработка;

(2) Непосредно дејство на електрична енергија - краток спој, атмосферски и друг напон, електричен лак и слично;
(3) Прскање или распаднување поради дејство на центрифугална сила;
(4) Мраз, освен замрзнување вода во склоповите на моторите, притисок на мраз или снег, или непосредно движење на мраз;
(5) Натпритисок и потпритисок (имплозија);
(6) Откажување на уредите за заштита или регулација, како и елементи за автоматско управување со кои машината е опремена;
(7) Заглавување во време на дупчење во бушотини;

(2) Осигурителот е во обврска да исплати надоместок од став 1 од овој член за полнење со масло на осигурената машина, само кога штетата е последица на оштетување или уништување на машината од опасности опфатени со овие услови.

(3) Кај електричните и дизел-електричните локомотиви со кршење и некои други опасности се опфатени само штетите од дејството на електрична енергија, додека другите ризици од став 1 од овој член не се вклучени во осигурувањето.

## 4. ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ) ШТО НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 11

(1) Осигурителот нема обврска да плати надоместок за штети што се предизвикани од опасности (ризици) што не се наведени во член 10 од овие услови, како на пример:

1) Недостатоци и грешки што постоеле во моментот на случување на договорот за осигурување, а овие недостатоци или грешки биле или морале да му бидат познати на осигуреникот или на лицето одговорно за погонот;
2) Непосредни последици од трајни хемиски, термички, атмосферски, механички и други влијанија и услови на сместување и работа како оксидирање, стареење, корозија, зрачење, прекумерно вибрирање и слично;
3) Последици од сите видови трошење, абење, арбозија, ерозија, кавитација и друго;

4) Прекумерни наслаги на 'рѓа, воден камен, талог, тиња и сл., дури и тогаш кога поради тоа настанало уништување или оштетување на осигурениот предмет;
5) Пренапнатост или преоптовареност на машината и машински и електрични уреди, апарати и инсталации преку границите на нивните проектни параметри.
6) Недоволно одржување;
7) Ставање во погон пред конечна поправка;
8) При монтирање и пробно испитување на овие предмети;
9) Динамично вртење на ротациони делови од машини, турбо-мотори и слично, доколку тоа не е посебно договорено;
10) Повреда на законски и технички прописи и упатства за техничка експлоатација на осигурените предмети како и поради непреземање заштитни мерки;

(2) Осигурителот, исто така, не е обврзан да надомести штети:

1) посредни, во врска со настанатиот осигурен случај, како: изгубена заработувачка, денгуба, казна итн.;
2) настанати на ремени, подвижни ленти пневматици (гуми) на возила и сл.;
3) настанати на гасеници на возила гасеничари, доколку поинаку не е договорено;
4) за кои по законските прописи или по договор, одговара производителот или испорачателот на предметот. Ако производителот или испорачателот ја оспорува одговорноста, а штетата е предизвикана со една од причините опфатени со член 10 од овие Услови, осигурителот ќе го исплати надоместокот од осигурување и ќе стапи во правата на осигуреникот спрема производителот и испорачателот;
5) настанати во врска со трошоците за поправка, ако штетата и поправката се утврди при редовен периодичен преглед, со цел за одржување.

# III. ОСИГУРУВАЊЕ БАГАЖ, ПАТНИ КОЛЕКЦИИ НА ПРИМЕРОЦИ НА СТОКА И ДРУГИ ПРЕДМЕТИ ВО МОТОРНИ ВОЗИЛА

## 1. ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ И ОСИГУРЕНИ ПРЕДМЕТИ

Член 12

(1) Предмет на осигурување во смисла на овие Услови, во зависност од содржината на договорот за осигурување, може да биде:

1) багаж во автобус, патнички автомобили, камп-приколки, товарни и специјални возила;
2) патни колекции на примероци на стока во патнички автомобили и комби возила;
3) алат и прибор што служат за вршење професионална дејност, а кои се превезуваат во патнички автомобили и комби возила и;
4) подвижна техника што се наоѓа во патнички комби возила (инструменти, апарати, камери и сл.).

(2) Предметите се осигурени кога се во возилото или прицврстени на него. Предмети од точка 1, 2 и 4 се осигурени и додека се сместени во хотел, гостилница, преноќиште или во стан надвор од местото на живеење на сопственикот на предметите.

(3) Осигурувањето на багаж во автобуси, патнички автомобил, камп-приколки, товарни и специјални возила се однесува на предмети за лична потреба, кои осигуреникот, возачот или патниците ги носат со себе во возилото или на возилото, вклучувајќи ја и облеката на себе, а која на овие лица им служи додека се на пат.

Багаж, во смисла на претходната алинеја покрај вообичаените предмети за лични потреби, во зависност од времето, целта и траењето на патувањето се сметаат уште и: опрема за викенд и кампување, аматерски фотоапарат и кино-камера со прибор, батериски радиоприемник, грамофон со плочи и касетофон, двоглед, ловечка пушка, лично оружје и спортски реквизити. Не се смета за багаж:

1) материјал или предмети што служат за вршење професионална дејност;
2) пари и документи од кој било вид;

3) накит и предмети од благородни метали.

(4) Кај осигурувањето на патни колекции на примероци на стока во полисата се наведува каква колекција се осигурува (колекција на сувенири, мануфактурна колекција, електротехничка и друга стока, колекции на книги итн.).

(5) Кај осигурувања на алат и прибор што служат за извршување професионална дејност во полисата се наведува каков алат и прибор се осигурува, од што се состои и за која професионална дејност служи.

(6) Кај осигурување подвижна техника, во полисата се назначува која подвижна техника се осигурува и од што се состои.

(7) Кај осигурувањето предмети од став 1 точка 1 од овој член не се осигурени предметите што се превезуваат без присуство на сопственикот, а кај осигурувањето од став 1 точка 3 и 4 од овој член не се осигурени предметите што се превезуваат без присуство на сопственикот или лица што се во работен однос кај сопственикот на предметите.

## 2. ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

Член 13

(1) Осигурителот има обврска да исплати надоместок на штета предизвикана со уништување, оштетување или исчезнување на предметите од член 12 став 1 од овие услови, со остварување опасности предвидени во член 3 од овие Услови.

(2) При настанувањето на ризикот кражба, осигурителот е должен да ја надомести штетата доколку дошло до кражба на возило или предметите се украдени од заклучено возило односно од возило што се наоѓа во заклучена гаража, или се украдени предмети што биле прицврстени на возило, или од заклучени простории во хотел, гостилница, преноќиште или стан надвор од местото на живеење на сопственикот на предметите.

(3) Кај осигурениците што се занимаваат со превоз на патници со автобуси или патнички возила, се опфатени и штетите што ќе настанат поради замена или исчезнување багаж при издавање или примање на превоз.

## IV. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1.СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 14

(1) Договор за осигурување може да склучи корисникот или сопственикот на возила или на предмети што се осигуруваат, како и секое друго лице што има интерес за склучување договор за осигурување за да обезбеди осигурителна заштита.

(2) Договор за осигурување може да склучи договарачот на осигурувањето во свое име или на туѓа сметка.

Доколку во полисата не е определено дека договорот е склучен за туѓа сметка, ќе се смета дека договорот е склучен за сметка на договарачот на осигурувањето.

(3) Договорот за осигурување се смета за склучен тогаш кога двете страни ќе потпишат полиса за осигурување или лист на покритие.

(4) Договор за осигурување се склучува врз основа на усмено или писмено барање. Писменото барање за склучување договор го обврзува барателот за време од 8 дена од денот кога барањето пристигнало кај осигурителот. Ако осигурителот во определен рок не го одбие барањето, кое не отстапува од условите што ги предложил за осигурување, ќе се смета дека го прифатил барањето и дека договорот е склучен од денот кога барањето пристигнало кај осигурителот и обврските на осигурителот почнуваат во 00 часот следниот ден. Осигурителот и договарачот на осигурувањето се должни во рок од 30 дена да го договорат начинот на плаќање на премијата.

(5) Ако осигурителот по повод применото барање, бара некакво дополнување или објаснување, односно поставува и некои нови услови, како ден за примање на барањето ќе се смета денот кога на осигурителот ќе му бидат предадени бараните дополнувања или објаснувања, односно кога ќе биде известен за прифаќање на неговите нови услови.

Ако барателот на осигурувањето не го известил осигурителот за бараните услови од претходната алинеја во рок од 8 дена ќе се смета дека го повлекол барањето за осигурување.

### 2. ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ТУЃА СМЕТКА

Член 15

(1) Во случај на осигурување за туѓа сметка, обврските за плаќање на премијата но и другите обврски од договорот, должен е да ги извршува договарачот на осигурувањето, тој не може да ги преземе правата од осигурувањето дури ако полисата е кај него без согласност на лицето чиј интерес е осигурен и на кого тие му припаѓаат.

(2) Договарачот на осигурувањето не е должен да му ја предаде полисата на заинтересираното лице додека не му биде надоместена премијата што ја платил на осигурителот како и другите трошоци за договорот.

(3) Договарачот на осигурувањето има право на предност за наплата на овие побарувања од должниот надоместок како и право на барање за исплатата непосредно од осигурителот.

(4) Осигурителот може да ги предочи на секој корисник на осигурување за туѓа сметка сите приговори што врз основа на договорот ги има спрема договарачот на осигурувањето.

## 3. СООСИГУРЕНИ ЛИЦА

Член 16

(1) Освен осигуреникот, кој не е правно лице, осигурени се и лицата на кои осигуреникот им го препуштил управувањето на осигуреното возило.

(2) Не се смета за осигурено лице, лицето што без овластување од осигуреникот го користело, односно управувало осигуреното возило.

(3) Знаењето и однесувањето на соосигуреното лице се смета како знаење и однесување на осигуреникот.

(4) Правото на осигурителот по основ на суброгација (регрес) не преминува спрема лицето што го управувало возилото по овластување на осигуреникот.

## 4. ТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Член17

(1) Договор за осигурување може да се склучи;

1) Со одреден рок на траење за време од 1 година или пократко краткорочно осигурување;
2) Со одреден рок на траење за време подолго од 1 година повеќе годишно осигурување, или
3) На неодреден рок на траење, кое се продолжува од година во година, ако некоја од договорените страни по писмен пат не го откаже осигурувањето најдоцна 3 месеци пред истекување на тековната година на осигурувањето.

(2) Договор за осигурување склучен за одреден рок на траење подолго од една година автоматски се продолжува за 30 дена на договорниот рок на траење („продолжен рок") ако договорните страни од истек на договорот не склучат нов договор.

Ако договарачот на осигурувањето не склучи нов договор за осигурување до истекот на продолжениот рок, должен е на осигурителот да му плати премија за продолжено траење на осигурувањето продолжениот рок.

## 5. ТЕРИТОРИЈАЛНО ВАЖЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Член 18

(1) Осигурувањето е во важност за време додека возилото се наоѓа на територија на Република Македонија и другите европски земји, доколку поинаку не се договори.

(2) Осигурувањето на возила на работни и други организации што изведуваат или учествуваат во изведување градежни, монтажни и слични работи надвор од територија на Р. Македонија, посебно се договара.

(3) Кај осигурувањето на патнички моторни возила и мотоцикли, осигурувањето од ризикот кражба е во важност доколку осигуреникот плати соодветна премија.

## 6. ВЛИЈАНИЕ НА ПРОМЕНА НА СОПСТВЕНОСТА НА ВОЗИЛОТО ВРЗ ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Член19

(1) Со промена на сопственоста на осигуреното возило, договорот за каско осигурување со поранешниот сопственик престанува да важи во 24.00 часот од денот кога новиот сопственик го презел возилото.

(2) Со промена на сопственоста на осигуреното возило, договорот за осигурување (полиса) не се пренесува на новиот сопственик на возилото.

(3) Преносот на сопственоста на возилото се докажува со валиден договор заведен кај надлежен орган.

(4) Поранешниот сопственик на осигуреното возило има право на враќање на премијата за неискористеното времетраење на осигурувањето, доколку во изминатиот период на траење на осигурувањето не се остварил осигурен случај.

(5) Поранешниот сопственик нема право на враќање на премијата ако неискористеното време е пократко од 30 дена.

(6) Кај осигурувањето од кршење стакло кај патнички возила при промена на сопственоста на возилото, договорот за осигурување и правата што произлегуваат од него се пренесуваат на новиот сопственик.

(7) Доколку се промени сопственоста на возилото во кругот на потесното семејство, договорот за осигурување преминува на новиот сопственик.

(8) Доколку се промени сопственоста врз основа на наследство, договорот за осигурување преминува на наследниците.

## ПРОМЕНАТА НА ИМЕТО, ИМЕТО – ФИРМАТА ИЛИ АДРЕСАТА НА ДОГОВАРАЧОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО И ПОДАТОЦИ ЗА ВОЗИЛОТО

Член 20

(1) Договарачот на осигурувањето е должен за промената на името и адресата, односно промената на името на фирмата и седиштето (работни

простории) да го извести осигурителот во рок од 15 дена од настанување на промените.

(2) Доколку договарачот на осигурувањето не го извести осигурителот за настанатите промени од претходниот став, за полноважно известување ќе се смета известувањето на осигурителот кое би се реализирало ако не би настанале промени на адресата, името, регистарски број кај договарачот на осигурувањето.

(3) Договарачот на осигурувањето е обврзан да изврши пријава на сите елементи, битни за идентификација на возилото (технички карактеристики).

(4) Осигурителот е должен сите пријавени промени веднаш да ги регистрира во договорот за осигурување.

## 7. ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ

**а) Вредност на осигурени моторни, влечни работи и специјални моторни возила, работни машини, работни специјални приколки, полуприколки и контејнери.**

Член 21

Основ на пресметка на премијата на склучени осигурувања е набавната цена на ново возило на денот на заклучување, а кај обнова на осигурувањето денот на скаденцата.

Доколку осигуреникот има склучено долгорочно осигурување, од која било причина го спречи осигурителот да изврши пресметка: на премијата што стасува по скаденца или во продолжениот рок од 30 дена, основ за пресметка на премијата ќе биде цената на ново возило на денот на поднесувањето на потребните податоци за пресметка.

Цената на ново возило ја содржи калкулативната фабричка цена на возилото зголемена за царинските давачки, данок на промет, транспортни и други вообичаени давачки.

Набавната цена на новото возило се утврдува врз основа на утврдените цени во каталогот за актуелни цени на моторните возила, со исклучок на товарните возила сопственост на граѓаните кога цената се зголемува за данокот за промет.

Ако за поединечни типови и модели на возила не постои цена во каталогот за актуелни цени на моторни возила, се зема предвид набавната цена на слично или сродно ново возило.

Посебната опрема не е пресметана во цената на новото возило и се пресметува спрема упатство, кое е составен дел на Ценовникот - Каталогот на актуелните цени на новото возило.

Кај возилата во музејска вредност, трофејните возила, возилата кај кои со реконструкција е променета нивната намена, за пресметка на премијата се зема договорената вистинска вредност на возилото.

Набавната цена на специјално возило се одредува како збир на набавната цена на основното возило, се додава опремата по спецификацијата која е составен дел на полисата (договор) за осигурување.

За возила што се користат исклучиво во странство, се зема набавната цена на тие возила во земјата во кои тие се користат.

**б) Вредност на дополнителната опрема, багаж, патни колекции, примероци на стока и други предмети на моторните возила.**

Член 22

Вредноста на дополнителната опрема, багаж, патните колекции, примероци на стока и други предмети во и на моторното возило во член 1 и 12 од овие Услови, се осигуруваат на сума на осигурување најмногу до вистинската вредност на денот на склучување на договорот за осигурување,

Сумата за осигурување аудио и видеоапарати од член 5 се утврдува како збир на осигурување пооделни компоненти, кои во договорот (полисата) посебно се набројуваат (радио, касетофон, радиокасетофон, еквилајзери, засилувачи, телефон, ТВ, видеорикордер, звучници, антена и сл.).

Со договорот (полисата) не може посебно да се осигуруваат само поедини компоненти туку апаратот во целина.

## 8. УТВРДУВАЊЕ НА ОКОЛНОСТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ЗА ПРОЦЕНА НА РИЗИКОТ

Член 23

(1) Договарачот на осигурување е должен на осигурителот при склучување договор за осигурување да ги пријави/назначи сите околности што се важни за процена на опасноста/тежината на ризикот за одредување на премијата, кои му биле познати.

Важни околности за процена на опасноста и одредување на висината на премијата се сметаат особено оние за кои договарачот е спремен и врз основа на кои е одредена и пресметана премијата, како и оние што се внесени во договорот (полисата) за осигурување.

Околностите од претходната алинеја на овој став може заеднички да ги утврдат договарачот и осигурителот.

Податоците за осигурување мора да бидат во согласност со податоците од сообраќајната дозвола, потврдата за регистрација и други документи со кои се утврдува идентитетот на осигуреното возило.

(2) Договарачот на осигурувањето е должен да му овозможи на осигурителот преглед и ревизија на ризикот.

(3) Во текот на траење на осигурувањето, договарачот односно осигуреникот е должен да го извести осигурителот во рок од 14 дена поради зголемен ризик на осигуреното возило, а ако е ризикот зголемен по негова вина без одложување.

(4) Во случаи од претходниот став и ако подоцна се утврди дека договарачот на осигурувањето при склучување на договорот не дал точни податоци за важните околности за процена на ризикот, или во текот на траење на осигурувањето не го известил осигурителот за промена на околностите или за тоа дал неточни податоци, а тие околности се битни за утврдување поголема премија, поради зголемен ризик, осигурителот во рок од 30 дена по

дознавање дека се зголемил ризикот му предлага на договарачот- осигуреникот по писмен пат нова премија.

Ако договарачот на осигурувањето не се согласи во рок од 14 дена по (приемот) примањето на предлогот за нова премија, договорот за осигурување престанува по истекување на 24 часа. Ако премијата треба да се намали бидејќи ризикот е намален, осигурителот ќе ја намали сумата на премијата и ќе му ја врати на договарачот разликата во премијата за тековниот период на осигурување.

Разликата на премијата за тековниот период треба да се плати или да се врати во рок од 15 дена од денот кога е утврден основот за плаќање или враќање на премијата.

Ако по истекувањето на овој рок договарачот на осигурувањето не ја плати разликата во премијата, на осигурување покритието се смалува во однос помеѓу платената премија и премијата што требало да се плати.

(5) Ако по настанувањето на осигурениот случај се утврди и спрема околностите значајни за процена на тежината на ризикот и одредување на висината на премијата, таа треба да биде поголема од премијата, која е впишана во полисата за осигурување, надоместок ќе се исплати во однос помеѓу премијата во полисата за осигурување и премијата што требало да ја плати, ако договарачот односно осигуреникот намерно дал лажни податоци што се од значење за висината на премијата. Кога на осигурителот му биле познати или требало да му бидат познати околностите важни за процена на ризикот, надоместокот ќе биде исплатен во полн износ, а осигурителот има право од договарачот-осигуреникот на осигурувањето да ја наплати разликата во премијата за тековниот период на осигурувањето помеѓу платената премија и онаа што требало да ја плати ревалоризирана со порастот на цената на возилото на денот на пресметката на штетата.

(6) Ако ризикот за кој се склучува осигурувањето веќе настапил или неговото настанување е познато, а тоа договарачот на осигурувањето го знаел или требало да го знае, договорот за осигурување целосно е неважечки, спрема Условите за осигурувањето на овој Премиски систем.

## 9. ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

Член 24

(1) Премијата за осигурување договарачот на осигурувањето ја плаќа при склучување на договорот, ако поинаку не е договорено.

Кај перманентните и повеќегодишни осигурувања премијата за следниот период на осигурување, стасува за наплата на денот што во полисата за осигурување е означен како почеток на осигурувањето, освен ако поинаку не е договорено.

(2) Договарачот на осигурувањето ја плаќа премијата на осигурителот на сопствен ризик и сопствен трошок.

(3) Ако премијата е платена по пошта или банка, како ден на плаќање на премијата се смета денот кога премијата е уредно уплатена.

(4) Ако кај потполно каско осигурување и осигурување од ризикот кршење е договорено осигуреникот да сноси дел од штетата (договорено самопридржување - франшиза) кога ќе настане осигурен случај, надоместокот се утврдува така што на товар на осигуреникот паѓа делот на штетата до висината на договореното самопридржување и тоа доколку во текот на траењето на осигурувањето се пријават повеќе штетни настани, кај првите две исплати на штети не се применува дополнителна франшиза, а се применува само договорената франшиза.

(5) Договореното самопридржување се применува само во случај на остварување на ризиците од член 3 став 1, точка 1 и 2 и член 10 од овие услови.

## 10. НАМАЛУВАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА (БОНУС)

Член 25

(1) Ако возилото без прекин било осигурено најмалку една година и ако во тоа време не била пријавена штета, договарачот на осигурувањето има право на попуст на премијата за тоа возило во наредната година на осигурување во висина од:

- 10% ако во текот на изминатата година на осигурување не е пријавена штета;
- 20% ако во текот на изминатите две години на осигурување не е пријавена штета;
- 30% ако во текот на изминатите три години на осигурување не е

пријавена штета;

- 40% ако во текот на изминатите четири години на осигурување не е пријавена штета;
- 50% ако во текот на изминатите пет години на осигурување не е пријавена штета;

Договарачот на осигурување што по поранешните услови за осигурување стекнал право на попуст поголем од 50%, го задржува тоа право и после пријавена една делумна штета, но тоа право ќе го изгуби после пријавената следна штета или до губењето на попустот по некоја друга основа.

Осигуреникот физичко лице, кој две години едноподруго го задржал бонусот од 50%, се стекнува со **„супер бонус"**, односно истиот осигуреник ако купи друго возило од истата категорија, за тоа новонабавено возило ќе добие 25% бонус во првата година на осигурување.

Одредбите од овој став се однесуваат на договарачи на осигурувањето што имаат осигурено до пет возила.

(2) На договарачот на осигурувањето што има склучено потполно каско осигурување со траење најмалку една година за 6 и повеќе возила, и кај кого односот на пријавените штети спрема полисирана техничка премија во изминатите три календарски години е помал од 80%, му се пресметува попуст на премија на наредниот период на осигурување во висина на една половина од разликата помеѓу 80% и процентот на остварениот резултат.

(3) Осигурениците што ќе склучат повеќегодишен договор за осигурување на моторните возила им следува бонус (попуст) според одредбите од поглавје ИВ т. 2 од премискиот систем АК за комбинирано осигурување на моторните возила.

(4) Бонусот по сите основи за комбинирано осигурување на моторните возила стари до 5 години може да изнесува најмногу до 50%.

(5) Бонусот по сите основи за комбинирано осигурување моторни возила постари од 5 и повеќе години може да изнесува најмногу до 65% од пресметаната премија без бонус.

Член 26

Бонусот остварен по одредбите од претходниот член се пренесува во рамките на иста тарифна група кога возилото е осигурено

- уништено;
- одјавено и
- отуѓено.

Пренос на бонусот се врши во моментот на склучување на договорот за осигурување или обнова на осигурувањето.

Пренос на бонусот се врши од едно возило на друго возило од ист сопственик (осигуреник). Бонусот може да се пренесе во рок од две години од моментот на истекување на последната обнова на осигурувањето на возилото од кое се врши пренос на бонусот.

Пренос на бонусот не може да се врши кај осигурувања што се склучени со рок на траење пократок од една година.

## 11. ВРАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

Член 27

(1) Ако осигуреното возило биде уништено пред почетокот на обврските на осигурителот, на договарачот на осигурување му се враќа износот на наплатената премија.

(2) Ако осигуреното возило биде уништено по почетокот на обврските на осигурителот од ризици што не се опфатени со осигурување, или тотална штета е надоместена врз основа на осигурување од одговорност на штетникот на договарачот на осигурување му се враќа износот на премија за преостанатиот период на траење на осигурувањето од денот кога осигурителот добие писмено барање на договарачот на осигурување, доколку во изминатиот период на траење на осигурувањето не се оствари осигурен случај.

(3) Ако осигурениот предмет биде уништен по почетокот на обврските на осигурителот од ризици опфатени со осигурување, на осигурителот му паѓа целиот износ на премијата за тековната година на осигурување, односно за договорениот период на осигурување.

(4) Ако возилото се одјави кај надлежен орган со предавање на регистарските таблички, осигурувањето може да се откаже и премијата се враќа за останатиот дел на времетраењето на осигурувањето, доколку осигурителот до тоа време не платил надоместок по договорот за осигурување. Премијата се враќа по писмено барање на договарачот на осигурувањето.

## 12. ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

Член 28

Се смета дека на осигуреното возило настанал осигурен случај во оној момент кога еден од осигурените ризици и неочекувано почнува да се остварува на осигуреното возило и да го оштетува.

Осигурен случај е секаков вид противправно одземање на возило согласно со член 3, точка 12 став 1 од Условите.

Правото на надоместок кај ризикот од претходниот став се остварува со исполнување на следните услови:

- задолжително пријавување кај надлежен орган на МВР каде што настанал осигурениот случај
- задолжително пријавување кај надлежен орган на МВР каде што е регистрирано возилото.

По истекот на 60 дена од денот на пријавување кај надлежен орган на МВР на РМ, да се достави доказ (потврда) дека предметното возило не е пронајдено.

Исплатата на надоместоците е по истекот на 15 дена од доставување на доказот од надлежниот орган на МВР на РМ дека предметното возило не е пронајдено.

## 13. ПРАВНА ПОЛОЖБА ПО НАСТАНУВАЊЕ ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

Член 29

(1) По настанување осигурен случај и исплата на надоместок од осигурување, ако се однесува за оштетување на возилото (делумна штета), возилото станува и понатаму осигурено на неговата стварна вредност во смисла на овие Услови.

(2) Во случај на уништување на возилото (тотална штета), осигурувањето престанува.

(3) Одредбите од став 1 и 2 од овој член сходно се применуваат и на другите осигурени предмети, освен кај оние за кои поинаку е договорено.

## 14. ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ КОГА ЌЕ НАСТАНЕ ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

Член 30

(1) Кога ќе настане осигурен случај врз основа на кој се бара надоместок од осигурување, осигуреникот е должен да постапи на следниот начин:

1) веднаш да ги преземе сите мерки што се во неговата можност за отстранување и намалување на штетата, оштетениот осигурен предмет да го обезбеди од натамошни оштетувања, како и притоа да се придржува кон упатствата што ќе му ги даде осигурителот;

2) веднаш, а најдоцна во рок од три дена по дознавање за штетата, да му се пријави на осигурителот дека на осигуреното возило настанала штета со остварување осигурен случај и колку е можно побргу, а најдоцна во рок од три дена, писмено да ја потврди пријавата;

3) при настанување штета на осигуреното возило од ризиците пожар, експлозија, кражба и сите видови противправно одземање на возилото, пријавувањето на надлежен орган на МВР заради вршење увид е задолжително особено:

а) при настанување штета на осигуреното возило од ризикот сообраќајна незгода, пријавувањето на надлежен орган на МВР е задолжително доколку има настанато голема материјалната штета или има загинати или повредени лица. За сите останати случаи каде ризикот настанал како резултат на сообраќајна незгода, осигуреникот нема обврска за пријава на настанот во МВР. Исклучок ќе бидат единствено штети настанати од удар од или во животно на јавните патишта каде е предвидено плаќање на патарина, а каде би се барала пријава во МВР и во случај на мала материјална штета ;

4) веднаш по настанување на осигурениот случај, односно кога тоа е можно на осигурителот да му даде попис на уништените, односно оштетените работи со приближно назначување на нивната вредност;

5) до увидот на оштетувањата од страна на претставникот на осигурителот да не ја промени положбата на оштетените, односно уништените предмети, освен ако промената е нужна во јавен интерес, или поради смалување, односно спречување на зголемување на штетата;

(2) Осигуреникот е должен на осигурителот да му ги даде сите податоци со кои располага, а кои се неопходни за утврдување на причината, обемот и висината на штетата.

Осигурителот исто така може да бара осигуреникот да му обезбеди и други докази, а особено доказ дека го пријавил настанувањето на случајот на надлежниот орган на сите случаи кога е должен тоа да го стори;

Ако осигуреникот (или овластено лице) не постапи согласно со точка (1) и (2) на овој член го губи правото на надоместок на штета.

## 15. ДОГОВОРЕНО УЧЕСТВО (ФРАНШИЗА) И УЧЕСТВО ВО НАРЕДНА ШТЕТА

Член 31

Договорот за каско осигурување од ризикот кражба и разбојништво за патнички моторни возила, се склучува со задолжителна франшиза во висина од:

а) 10% во секоја штета за возила чија новонабавна вредност е од 20.001 евра до 30.000 евра (во денарска противвредност);

б) 15% во секоја штета за возила чија новонабавна вредност е од 30.001 евра до 40.000 евра (во денарска противвредност);

в) 20% во секоја штета за возила чија новонабавна вредност е над 40.001 евра.

Доколку во текот на осигурениот период настане осигурен случај, осигуреникот задолжително учествува во евентуална идна штета по иста полиса и тоа:

- 20% учество во трета штета;
- 30% учество во четврта штета и
- 50% учество над четврта и секоја наредна штета.

## 16. ПРОЦЕНА НА ШТЕТА И ВЕШТАЧЕЊЕ

Член 32

(1) По приемот на пријавата за настанатиот осигурен случај, осигурителот е должен веднаш, а најдоцна во рок од три дена да пристапи кон утврдување и процена на штетата. Ако тоа не го направи, осигуреникот може да пристапи кон процена и отстранување на штетата, под услов претходно да обезбеди доказ во поглед на настанување на осигурениот случај и обемот на штетата.

(2) Во случај договорените страни да не се согласат при заедничкото утврдување и процена на штетата, секоја од договорните страни може да побара штетата да се утврди и процени од комисија од стручњаци (вештачење) при штосекоја од договорените страни писмено го именува својот вештак. За вештаци можат да се именуваат лица што не се во работен однос со осигурителот, односно осигуреникот и договарачот на осигурувањето. Пред почетокот на постапката на вештачење, двата вештака именуваат трет вештак за претседател.

(3) Предмет на вештачење може да бидат само спорните моменти во поглед на настанување на осигурениот случај, обемот на оштетување и висината на штетата.

Кои спорни моментни ќе бидат предмет на вештачењето,за секој случај пооделно, ги одредуваат осигуреникот и осигурителот со писмен договор за вештачење.

(4) Секоја договорна страна ги сноси трошоците на својот вештак. Трошоците на претседателот еднакво ги сносат двете страни.

(5) Наодот на вештаците е конечен и ги обврзува договорните страни, а може да се побива само во случај на пресметковни грешки.

## 17. УТВРДУВАЊЕ (ПРОЦЕНА) НА ВИСИНА И НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА

Член 33

(1) Висина на штетата се утврдува:

1) Кај уништување или исчезнување на возилото (тотална штета) според вредноста на возилото во моментот на утврдување на висината на штетата, намалена за пазарната вредност на остатоците на возилото, а според состојбата на возилото непосредно пред штетата.

   За утврдување на висината на штетата, меродавна е набавната цена на новото возило на денот на утврдување на висината на штетата намалена за изгубената вредност поради техничката истрошеност (амортизација).

(2) Кај оштетување возила (делумна штета) според износот на трошоците за поправка, намалени за пазарна вредност на остатоците што се заменуваат. Во трошоци за поправка се сметаат и трошоци за монтажа, демонтажа и превоз.

Висина на штетата може спогодбено да се утврди со пресметка на трошоците на поправката.

Од износот на трошоците за набавка на нови делови заради замена на оштетените и износот на трошоците за лакирање не се одбива соодветен износ поради истрошеност (амортизација), освен кога наместо уништените односно, оштетените, се набавуваат нови гуми, акумулатори или церада, и тоа во процент во кој овие делови се амортизирани.

Доколку за поправката на возилото нема делови во Република Македонија, осигурителот има обврска да ја надомести цената од ценовникот на производителот на возилото зголемена за соодветни давања (царина, данок и сл.).

Не се надоместуваат поголеми трошоци за поправка што настанале поради тоа што при поправката се направени, измени подобрување или усовршување.

Осигурителот нема обврска да ја надомести вредноста на целото возило или склопот ако оштетениот или уништениот склоп, односно дел не може да се набави за време на извршување на поправката, а станува збор за склоп, односно, дел што каталошки е предвиден за замена.

(3) Ако вредноста на возилото намалена за вредноста на остатоците на возилото на денот на утврдување на висината на штетата е помала од трошоците за поправка, ќе се постапи како возилото да е уништено и штетата ќе се пресмета како тотална (став 1 точка 1 од овој член).

(4) Спасените делови на уништеното возило, односно оштетеното возило, односно остатоците од возилата остануваат на осигуреникот и нивната вредност се утврдува по пазарна вредност според состојбата во која се наоѓа во моментот на утврдување на висината на штетата и таа вредност се одбива од висината на штетата, доколку странките меѓусебно поинаку не се договорат.

(5) Ако во случај на остварување на ризиците од член 3 став 1 точка 12 од овие Услови возилото се пронајде пред истекот на рокот од 60 дена, сметајќи од денот на пријавувањето на исчезнувањето на возилото на надлежниот орган, осигуреникот е должен да го преземе возилото.

Ако возилото не се пронајде до истекот на рокот од претходната алинеја на овој став, осигуреникот има право да бара од осигурителот штетата да му ја надомести како да се работи за потполно уништување на возилото без спасени делови.

Во случај на остварување на ризиците од член 3 став 1 точка 12 од овие Услови ако украденото односно противправно одземено возило се пронајде по истекот на рокот од 60 дена од денот на пријавата за исчезнување кај надлежниот орган, осигуреникот има право да го преземе, односно да го задржи возилото, но под услов да го врати евентуално исплатениот надоместок.

(6) Кај осигурување на алат, дополнителна опрема, приклучни уреди, прибор и резервни делови што не се сметаат за составни делови на возилото, како и радиоапарати, грамофон, магнетофон, касетофон, телевизор и радиостаница, клима-уреди и плински уреди за движење на возилото и рекламни натписи, штетата ќе се надомести во висина на настанатата штета, а најмногу до висина на сумата на осигурување.

(7) По настанување на осигурен случај и исплата на надоместок од осигурување, ако се однесува за оштетување на возило (делумна штета), возилото останува и понатаму осигурено на неговата пазарна вредност во смисла на овие услови.

(8) Во случај на уништување на возилото (тотална штета), осигурувањето престанува.

(9) Одредбите од точка (7) и (8) од овој член, соодветно се применуваат и на другите осигурени предмети, освен кај оние за кои е договорено поинаку.

## 18. ПОСТАПКА СО СПАСЕНИТЕ ДЕЛОВИ И ПРОНАЈДЕНИТЕ-УКРАДЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ

### Член 34

(1) Осигуреникот може да се договори со осигурителот така што осигурителот да ги преземе спасените делови на возилото или на некој друг осигурен предмет

и со нив слободно да располага. Во тој случај при пресметка на штетата не се одбива вредност на спасените делови на осигурените предмети.

(2) Осигуреникот и осигурителот можат да се договорат спасените делови на возилото или некои други предмети да се изложат на лицитација (преку претпријатија што се занимаваат со таа дејност) или на некој друг начин да се изврши продажба, намалена за трошоците на продажба, што се смета како вредност на спасените делови.

Ако осигуреникот дознае на кој било начин каде се наоѓаат спасените предмети, должен е да ги преземе сите потребни мерки за нивно враќање, како и за преземените мерки и резултатите без одлагање да го извести осигурителот.

## 19. НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ВО ВРСКА СО НАСТАНАТ ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

Член 35

(1) Осигурителот е во обврска да ги надомести:

1) Трошоците за влечење или превоз на оштетеното возило до најблиската сервисна работилница, која може да изврши нужна или целосна поправка.
2) Трошоците за влечење или превоз на остатоците од уништеното возило, ако тоа е направено по барање на осигурителот;
3) Трошоците за чистење на местото на незгодата или превезување на остатоците од возилото до најблиското дозволено место за депонирање. Не се покриени трошоците за превоз на товарот кој возилото го превезувал;

(2) Осигурителот не е во обврска да ги надомести:

1) Трошоците за отстранување на причината на штетата;
2) Трошоците за вадење на возилото што се слизнало од патот, а на кое не е остварен осигурен случај (уништување или оштетување);
3) Трошоците за интервенција на противпожарно друштво или други организации, чија должност е бесплатно да укажува помош, кога ќе настапи осигурен случај;

(3) Ако е остварен осигурен случај, осигурителот е во обврска да надомести и:

1) Штета поради уништување или оштетување на возилото, настаната при негово спасување, а во врска со тоа и влечење или превоз;
2) Штета поради употреба на облека, ќебиња и слично за гаснење пожар;

## 20. ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОК ОД ОСИГУРУВАЊЕ

Член 36

(1) Кога ќе се случи осигурен ризик, осигурителот е должен да исплати надоместок во рок од 14 дена сметајќи од денот кога осигурителот добил известување дека се случил осигурен ризик. Ако за утврдување на обврската на осигурителот е потребно извесно време, овој рок почнува да тече од денот кога е утврдено дека постои негова обврска за исплата.
(2) По истекување 14 дена од пријавата на штетата доколку не е утврдена обврската на осигурителот за исплата, осигурителот е должен на барање на овластено лице да исплати сума на неспорен дел на својата обврска на име аконтација.
(3) По настапување на осигурениот ризик, заложните и други права што од порано постоеле на осигурените предмети имаат ист третман како во случај на осигурување сопствени предмети, така и во случај на осигурување туѓи предмети поради обврска за нивно чување и враќање, затоа осигурителот не може да исплати надоместок на осигуреникот без согласност на носителот на тие права.

Овие лица може да бараат од осигурителот во границите на сумата за осигурување и спрема законските одредби да ги исплати нивните побарувања. Меѓутоа доколку во моментот на исплата осигурителот не знаел ниту можел да знае за тие права, извршената исплата на надоместок на осигуреникот останува полноважна.

## 21. ПРИДРЖУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ЗА ЗАШТИТНИ МЕРКИ

Член 37

(1) Осигуреникот е должен да ги преземе сите пропишани, договорени и сите други мерки потребни да се спречи осигурениот ризик, а ако осигурениот ризик настапил, должен е да преземе сè што е во негова можност да се ограничат неговите последици.

(2) Осигурителот има право да врши контрола за извршување на одредбите за заштитни мерки од став 1 на овој член.

(3) Ако мерките од став 1 на овој член не се извршуваат, осигурителот може да го откаже договорот и тоа во рок од 30 дена од денот кога е тоа утврдено, заедно со осигуреникот, освен во случаи кога осигуреникот не е виновен за неисполнување на својата должност.

(4) Ако е договорен или одреден рокот до кога е потребно да се спречуваат мерките за отстранување или зголемување на ризикот, надоместокот се исплатува на осигуреникот и кога осигурениот ризик настанал до истекување на тој рок и ако штетата е во причинска врска со прописите, односно со договорените одредби за заштитни мерки.

(5) Осигурителот е должен да ги надомести трошоците на загуби, како и другите штети причинети свесно при отстранување на опасностите од осигурениот ризик, како и заложбите да се ограничат неговите штетни последици, па макар да тие заложби останат и без резултати.

Осигурителот е должен да исплати надоместок од претходната алинеја на овој став и ако тоа е заедно со надоместокот на штетата кај осигурениот ризик ја поминува сумата на осигурување.

(6) Ако осигуреникот не ги исполни своите обврски од став 1 на овој член и ако за тоа нема оправдување, обврските на осигурителот се намалуваат за колку се зголемува поради тој ризик.

## 22. НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Член 38

(1) Сите известувања, изјави и пријави што се даваат во смисла на одредбите од овие Услови, задолжително треба писмено да се потврдат ако се дадени усмено по пат на телефон или на некој друг сличен начин освен:

1) Кога станува збор за усно барање за склучување на договор за осигурување и;
2) Кога станува збор за известување на осигурителот за промена на условите по член 39 од овие Услови и Системот на премин за осигурување.

Како ден на примање на известување односно пријава се смета денот кога е примено известувањето односно пријавата. Ако известувањето односно пријавата се праќа со препорачана пошта, како ден на примање се смета денот на предавањето на поштата.

(2) Спогодбите што се однесуваат за содржината на договорот за осигурување, полноважни се само ако се склучени во писмена форма.

## 23. ПОДОСИГУРУВАЊЕ И НАДОСИГУРУВАЊЕ

Член 39

(1) Ако осигурувањето е склучено така што премијата е утврдена врз основа на набавната цена на новото возило на денот на склучување, осигурувањето да биде:

- платена помала премија, бидејќи договарачот намерно или со измама дал неточни податоци, кои влијаат врз висината на премијата - во случај на штета на осигуреникот ќе му се надомести дел од штетата што одговара помеѓу премијата што е платена и премијата што требало да ја плати.
- платена поголема премија, а притоа ни една страна не постапила несовесно - договорот останува на сила, а премијата се намалува.

(2) Во случаи од претходниот став, на осигуреникот на име надоместок од осигурувањето не може да му се исплати повеќе од износот на штетата по одредбите од овие Услови.

(3) Ако ист предмет е осигурен од исти ризици кај повеќе осигурители, при утврдување на подосигурување или надосигурување ќе се земат предвид сите договори за осигурување.

## 24. ИЗМЕНА НА УСЛОВИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И ТАРИФАТА НА ПРЕМИИ

Член 40

(1) Ако осигурителот за времетраењето на договорот за осигурување, ги измени Условите за осигурување или тарифата на премии, тие се применуваат од следниот период на осигурување (прво наредно скаденцирање).

## 25. ПРЕМИН НА ПРАВАТА НА ОСИГУРЕНИКОТ НА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ОД ОСИГУРИТЕЛОТ (СУБРОГАЦИЈА)

Член 41

Со исплата на надоместокот од осигурувањето, се пренесуваат на осигурителот сите права на осигуреникот во врска со обесштетувањето во висина на исплатената надоместок спрема лицето што по која било основа е одговорно за штетата, освен во следниве случаи:

1) Ако одговорното лице што управувало со возилото, управувало со него со дозвола на осигуреникот, и тоа исклучиво на територијата на Република Македонија.
2) Ако штетата ја предизвикало лице што е во родбинска врска со осигуреникот од права линија, или лице за чии постапки осигуреникот одговара, односно со лице што живее со него во исто домаќинство или лице што работи кај осигуреникот.
3) Лицата од точка 1 и 2 на овој член кои намерно ќе предизвикаат штета, должни се сами да ја надоместат.

Доколку некое лице од ставот 1 точка (1 и 2) било осигурено од одговорност, осигурителот ќе бара од неговиот осигурител надоместок во износ што е исплатен на осигуреникот.

Во сите случаи што не се регулирани со овој член се применуваат одредбите на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

## 26. ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРИТЕЛОТ

Член 42

(1) Обврските на осигурителот од договорот за осигурување започнуваат по истекот на 24.00 часот на денот што во исправата за осигурување е означен како почеток на траење на осигурувањето, ако до тој ден е платена договорената премија, доколку поинаку не е договорено.

(2) Обврските на осигурителот престануваат по истекот на 24.00 часот на денот што во исправата на осигурување е означен како ден на истек на осигурувањето.

Ако исправата за осигурување содржи само почеток на осигурувањето (перманентно осигурување), договорот за осигурување се продолжува од година во година, сè додека една од договорените страни не го откаже најдоцна три месеци пред истекот на годишниот период за осигурување.

(3) Кај осигурување склучено со рок од повеќе години, правата и обврските од договорот се продолжуваат за 30 дена („рок на чекање"), доколку на осигурителот пред истекот на рокот на осигурувањето не му е врачена изјава од договарачот дека не се согласува на такво продолжување.

Ако во текот на рокот на чекање настапи осигурен случај, договарачот на осигурувањето е должен да плати премија за цела година на осигурување.

(4) Кај физички лица договорот за осигурување се склучува за период на траење од една година.

## 27. ПРЕСМЕТУВАЊЕ ПРЕМИЈА

Член 43

(1) За утврдување на премијата, меродавна е набавната цена на ново возило во моментот на склучување на договорот за осигурување, а за следниот период на осигурување (една година) набавната цена на денот на почетокот на наредниот период на осигурување.

(2) Набавна цена на ново возило е цената на производителот зголемена за износите на даноците, транспортните трошоци, царина и сл.

(3) Набавна цена на ново возило од странско производство е извозната цена на производителот, пресметана во денари по важечкиот курс на странски средства за плаќање, зголемена за трошоците на царина, даноци, транспорт и останати вообичаени трошоци, доколку поинаку не е договорено.

(4) Ако станува збор за возило што го нема во продажба, ниту во каталог за

ориентациони цени на моторни возила, неговата набавна цена се утврдува според набавната цена на слично односно сродно возило.

(5) Возила со музејска вредност, трофејни возила, возила составени од делови на две или повеќе возила и сл. се осигуруваат на сума на осигурување со посебна спогодба.

## 28. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА (МАЛУС)

Член 44

(1) На договарачот на осигурувањето што има склучено потполно каско осигурување со траење најмалку од една година за едно до пет возила, кој во тековната година на осигурување пријавил 3 (три) или повеќе штети му се пресметува доплаток на премија (малус).

Малусот се пресметува на премијата за осигурување за периодот на осигурување во кој штетите настанале и тоа на премијата за осигурување, без оглед на тоа дали е одобрен евентуален бонус.

Доплаток на премијата за осигурување изнесува:

- Кај трета штета 10%
- Кај четврта штета 20%
- Кај петта и секоја понатамошна штета 30%

Овој доплаток се наплатува при ликвидација на штетата.

## 29. НАЧИН НА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 45

(1) Договор за осигурување од опасности предвидени со овие услови, може да се склучи само ако е склучен договор за потполно „каско” осигурување.

(2) Договорот за осигурување од став 1 од овој член се склучува со или без франшиза, во зависност од начинот на склучувањето на договорот за каско осигурување.

## 30. СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ И НАДОМЕСТОК

Член 46

(1) Сумата на осигурување се утврдува спрема вредноста на предметите што можат да се најдат во возилото;

(2) Кај тотална штета на осигуреникот му се надоместува вредноста на

осигурениот предмет, но најмногу до висина на сумата на осигурување;

(3) Кај делумна штета оштетата се исплатува во целост, но најмногу до висина на сумата на осигурување;

(4) Кај осигурувањето на багаж во автобуси, пресметувањето на надоместокот ќе се изврши во сразмер помеѓу бројот на регистрираните места и бројот на патниците што биле во автобусот, доколку се утврди дека во автобусот се наоѓале поголем број патници отколку што изнесува бројот на регистрираните места за кои е платена премија.

## 31. ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ ЗА „БОНУС" И „МАЛУС"

Член 47

(1) Се смета дека штетата не е пријавена ако во рок од една година е ликвидирана без исплата на оштета, или во полн износ по кој било основ е регистрирана. Во тој случај на осигуреникот задолжително му се одобрува бонус.

(2) Штета што е пријавена по потполно каско осигурување, а која не се однесува на ризиците од член 3 став 1 точка 1 и 2 не се смета за пријавена и не влијае врз правото на бонус односно малус.

(3) На осигуреник што првпат склучува потполно каско осигурување, му се одобрува бонус од 15% ако за тоа возило има кај истиот осигурител осигурување од автоодговорност и ако до денот на склучување потполно каско осигурување за тоа возило не е пријавена штета по осигурување од автоодговорност за период од најмалку две години,

По истекот на периодот на осигурување во кој осигуреникот по оваа основа стекнал право на „бонус" од 15% осигуреникот стекнува право на „бонус" од 20%, ако нема пријавено штета.

(4) Бонусот по основ на овој член и член 25 од овие Услови, не може да изнесува повеќе од 50%.

(5) Ако осигурувањето било во прекин, осигуреникот по прекинот има право на ист бонус за истото возило или за возилото што го заменил, ако до прекин во осигурувањето дошло пред истекот на годината на осигурување и ако прекинот не траел подолго од две години, под услов во претходниот период да не пријавил штета.

Ако осигурувањето било прекинато по истекот на годината на осигурување во

која осигуреникот не пријавил штета, ниту, пак, е пријавена штета за време на прекинот, осигуреникот има право на „бонус” во смисла на соодветните одредби за „бонус” како да немало прекин, под услов прекинот да не траел повеќе од две година.

(5) Ако осигуреникот по уништување, продажба или слично, наместо порано осигуреното возило осигурува друго возило, оствареното право на „бонус” се користи и за новото возило, ако новото возило е од иста тарифна група. Ако возилото е уништено продадено и сл. пред истекот на годината на осигурување, тогаш за следната година за осигурување се пресметува ист процент на „бонус” што се применувал при пресметување на премијата на осигурување на отуѓеното односно уништеното возило, ако заменувањето на возилото е извршено во рок од две години.

(6) Во случај на продажба на возилото, правото на „бонус” се пренесува на новиот сопственик.

(7) Ако осигуреникот го смени осигурителот, му се признава право на „бонус” ако донесе писмена потврда од претходниот осигурител за претходно траење на возилото и бројот на едноподруго години без пријавена штета.

(8) На осигурениците со шест или повеќе осигурени возила, бонусот односно малусот по овие основи се пресметуваат и на возила кој осигуреникот ги набавил во текот на периодот на осигурување.

(9) Во случај на прекин на осигурувањето и повторно склучување договор за осигурување, на договарачот на осигурување со шест или повеќе возила му се пресметува „бонус” односно „малус” по одредбите на овие Услови врз основа на односот пријавени штети и полисирана техничка премија во последните три календарски години додека траело осигурувањето. Ако прекинот траел повеќе од две години, се пресметува премија за осигурување без „бонус” односно „малус”.

Ако осигурителот не располага со податоци за премиите и штетите за најмалку три претходни години, бидејќи осигуреникот не бил осигуран толкав временски период, за утврдување „бонус” односно „малус” ќе се користат податоци за две односно една осигурителна година.

(10) Под потполно каско осигурување се подразбираат и случаите кога со ова осигурување се склучи и осигурување на алат, дополнителна опрема, приклучни уреди, прибор и резервни делови, кои не се сметаат за составни делови на возилото како и осигурување од опасност кршење т.е. премија и штета и по овие дополнителни осигурувања.

(11) Осигурителот и договарачот на осигурување имаат право да бараат повторно

пресметување „бонус" односно „малус" ако дополнително се утврди дека во пресметката не биле земени оштетни барања што се основани, односно биле земени оштетни барања што се неосновани.

Точката (12) да се брише ако се прифати ризикот од кражба да биде вклучен во пакетот ризици.

(12) При осигурување патнички возила со вклучен ризик од кражба за случаи кога во возилата се вградени аларвни системи и други средства за заштита од кражба, се одобрува попуст од 20% од висината на додатокот за ризикот од кражба.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 48

Ако не се во спротивност со овие Услови, на осигурувањата склучени според овие Услови, се применуваат и Општите услови за осигурување имот.

Овие услови стапуваат во сила осмиот ден од денот на донесување на одлуката на Одбор на директори, а ќе се применуваат веднаш. На сите новосклучени осигурувања како и на постојните осигурувања, доколку се тие поповолни за осигурениците.

Со денот на усвојување на овие Услови, престануваат да се применуваат Условите за каско осигурување на патнички моторни возила и Условите за комбинирано осигурување моторни возила.

Одредбите за намалување на премијата „бонус", ќе се применуваат на новосклучените и обновените договори за осигурување, со тоа што доколку осигуреникот во претходната година не остварил право на штета. При склучување договор по овие услови, може да добие попуст во износ од 10% во секоја година.

Одредбите од претходниот став за „бонус" се однесуваат и на осигурениците кај кои штетата по каско осигурување е рефундирана по основа на автоодговорност.

Член 49

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Член 50

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Член 51

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

Член 52

Обработка и заштита на личните податоци

Согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на физички лица-договорувачи на осигурување односно осигуреници чии лични податоци ги обработува ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје со цел исполнување на права и обврски кои произлегуваат од конкретниот закон. Личните податоци ќе се обработуваат само на начин што обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци со примена на соодветни технички или организациски мерки, со имплементиран систем за информациска сигурност заради заштита на личните податоци, согласно стратегиите и политиките на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје. ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

Член 53

Основ и цел за обработка на лични податоци

Врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси). Контролорите

може да ги обработуваат личните податоци со цел исполнување на правата што произлегуваат од договорот за осигурување, односно со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети.
ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува личните податоци само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци.

Согласноста за обработка на личните податоци може да се повлече во секое време трајно или привремено преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „ул.Пиринска“ бр.23, 1-1/5, 1000 Скопје“ или преку електронска адреса info@grawe.mk.

Член 54

Пренос на личните податоци

ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје е дел од Групацијата Grawe. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Grazer Wechselseitige Versicherung Aktiengesellschaft. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци.

Член 55

Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг

Личните податоци со исклучок на податоците за здравствена состојба, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува за цели на директен маркетинг само врз основа на дадена согласност за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши за себе или поврзаните друштва во земјата или во странство.

Член 56

Права на субјектите на личните податоци

Во врска со сите прашања поврзани со обработка на лични податоци, за остварување на правата кои произлегуваа од Законот за заштита на личните податоци субјектите на лични податоци доставуваат барање на адреса на Граве Осигурување Неживот АД Ул.Пиринска 23,1-1/5 Скопје со назнака за Офицер за заштита на лични податоци.

Член 57

Рокови на чување на лични податоци

Личните податоци, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги чува во рок до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.

По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје.

Член 58

Овие услови влегуваат во сила од денот на донесување а ќе се применуваат од 01.07.2023 година кога и престануваат да важат Условите за комбинирано осигурување на моторни мозила бр.0202- 28/2 од 05.12.2019.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР

Елизабета Божиновска

Акционерско Друштво за осигурување ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје